Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од познат подносител, на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ------------------------ на 11.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предметот со број 12-4238/1 од 11.09.2019 година, во кој се изразува незадоволство од донесеното Задолжение со бр. 02-724/1 потпишано од Директорот на ЈП "Национални шуми"-Скопје за извршување на работни задачи печатење на кочани испратници во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4238/1 од 11.09.2019 година, од причина што подносителот на пријавата на ден 20.09.2019 година доставил Известување до Државната комисија за спречување на корупцијата со кое ја известува ДКСК дека ја повлекува претходно поднесена пријава врз основа на која е оформен споменатиот предмет.

Предметот со број 12-4238/1 од 11.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4238/1 од 11.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител- ------------------------.

Во пријавата во кој се укажува на сомневање дека спротивно на Законот за вработени во јавниот сектор, од страна на Директорот на ЈП "Национални шуми"-Скопје било донесено Задолжение со бр.02-724/1 со кое лицето -------------, инаку вработен на работно место Техничар – картограф во Секторот за

уредување на шуми, ловишта и проектирање при Дирекцијата на ЈП Национални шуми–Скопје се задолжува да извршува работни задачи – печатење на кочани испратници во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На ден 20.09.2019 година подносителот на пријавата достави Известување до Државната комисија за спречување на корупцијата во кое е наведено дека претходно донесеното Задолжение со бр. 12-4238/1 донесено од страна на Директорот на ЈП "Национални шуми"-Скопје, поради кое е поднесена пријава, од страна на Директорот е поништено.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК констатира дека подносителот на пријавата на ден 20.09.2019 година доставил Известување до Државната комисија за спречување на корупцијата со кое ја известува ДКСК дека ја повлекува претходно поднесена пријава врз основа на кој е оформен споменатиот предмет, од причина што претходно донесеното Задолжение со бр.12-4238/1 со кое бил задолжен да извршува работни задачи – печатење на кочани испратници во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од страна на Директорот на ЈП "Национални шуми"-Скопје, од страна на Директорот е поништено, па оттаму заклучи дека нема основ за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**